

**КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВЕЕЊЕТО И ОБЛЕКУВАЊЕТО НА ЕСМА – I ДЕЛ**

**Во овој дел од продолжението во порталот „Македонска нација“ ќе се обидеме да доближиме дел од стилот на живеењето што го имаше Есма Реџепова –Теодосиевска како национален уметник. Така, покрај пеењето слабост ѝ беа марамите, шапките, чевлите и чантите. Ги имаше од многу земјим а марамите ѝ беа симбол од сите модни детали**

Есма Реџепова-Теодосиевска, Кралицата на ромската песна ни изјави дека стилот на облекувањето ѝ беше во генот. Во изминатите години, со Ансамблот „Теодосиевски“ таа беше чест и многу почитуван гостин во најелитните светски музички простори. Од 1995 година, пак, до нејзината смрт во 2016 година Есма живееше на Кале во *„Домот на хуманоста и Музејот на музиката на Есма и Стево Теодосиевски“*
.

Во својата 55-годишна музичка кариера, не само со својот глас, туку и со сопствениот стил, непосредност, искреност и срдечност ги освојуваше срцата на сите свои обожаватели и голем број пријатели во светот. Во ова пригода ќе се обидеме да доближиме дел од стилот на живеењето што го имаше Есма Реџепова–Теодосиевска како национален уметник.

Затоа се обративме до претседателот на Здружението „Кралицата Есма и Стево Теодосиевски“ Зорана Костовска, која во исто време беше организатор на модните ревии на Есма Реџепова – Теодосиевска. Таа ни ги пренесе кажувањата за стилот на живеењето и облекувањето на Кралицата на ромската песна Есма Реџепова–Теодосиевска. Меѓу другото, Есма го изјави следното:

1.Покрај пеењето слабост ѝ беа марамите, шапките, чевлите и чантите. Ги имаше од многу земји. Марамите ѝ беа симбол од сите модни детали. Носеше најмногу црни марами. Имаше шапки кои секогаш ги носеше само со одредена комбинација и тоа пред сѐ со бундите. Накит носеше отсекогаш, при што обетките не сакаше да се многу долги, а за концерти ги земаше оние што одговараа со гардеробата.

Постојано го носеше златниот часовник на левата рака. На десната рака носеше некои златни белегзии. А околу вратот постојано носеше златно синџирче на кое висеше плочка со два дијаманта и беше изгравирано нејзиното име - Есма. Тоа беше подарок за нејзиниот роденден, 8 август од јувелирската работилница на Имер Пурелко во Чикаго.

2. Најновата гардероба ја избираше во боите на Македонија - црвена со златеста и тоа за шалварите, елекот, марамата и кошулата. Тоа беше нејзин стил за концертите каде носеше македонска носија, но, исто така, и ромска носија. На концерти носеше и барокни фустани, зошто настапуваше во театри и за тие простори гардеробата требаше да биде соодветна. Сета гардероба се совпаѓаше и со тоа што таа беше прогласена за Кралица на ромската песна. Најчесто купуваше алишта во пролет и есен. Не беше од оние жени кои често купуваат. Купуваше одеднаш што ѝ треба за една сезона.

3. Многу сакаше чевли. Уште од детството така ја научил татко ѝ. Тој бил чистач на чевли и бојадисување на чанти. Затоа многу внимавал на нив. Понекогаш знаел во чевларскиот дуќан, кој се наоѓал наспроти хотелот „Македонија“, да порача чевел за него, зошто бил инвалид, но и за мајка ѝ одеднаш четири пара чевли. Кај нејзините чевли биле застапени сите бои и сите нијанси на боите.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**